ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Основен суд Тетово

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на депозитната сметка (696) за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
– не е извршен надзор над материјално - финансиското работење со средствата на депозитите и одземените предмети и
– не е извршен попис на примените средства по основ на судските депозити.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
– вршење на преглед и изготвување на извештај за работењето со средствата за депозитите од страна на комисија;
– вршење на надзор над севкупното материјално и финансиско работење, од страна на претседателот на судот и
– спроведување на целосен попис на судските депозити со цел утврдување на старосната структура, статусот на предметите и предлагање на мерки и активности за постапување.

**Клучни системски слабости:**
– не е пропишана формата и содржината на обрасците за водење на судски депозити и
– неусогласеност на законската регулатива и Судскиот деловник во однос на сопственоста на примените депозити по нивната застареност.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk